**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
Су-04 број 85/23-2
29.11.2023 година
Неготино

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова врз основа на член 23 став 4 и член 25 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ“ број 62/05...111/23), в.в. член 18 став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник“ број 43/14...235/22), по спроведената постапка по Јавниот оглас број 2/23 година за вработување на судски службеници на определено време до 31.12.2023 година, на ден 29.11.2023 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

На Јавниот оглас број 2/23 од ден 22/11/2023 година **под точка 1** за вработување на **определено време** за работно место **„помлад судски соработник - категорија В ниво 4“ СЕ ИЗБИРА кандидатот**:

**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВ**

Со избраниот кандидат да се склучи Договор за вработување на определено време веднаш по приемот на ова одлука.

## Образложение

Основниот суд Неготино објави Јавен оглас број 2/23 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ од 22/11/2023 година за вработување на определено време до 31.12.2023 година под точка 1 на 1 (еден) извршител за работно место „помлад судски соработник - категорија В ниво 4“.

Согласно член 18 став 6 од Законот за судска служба, вработувањето на судските службеници на определено време е согласно Законот за работните односи.

По завршување на огласот, Претседателот на судот на ден 29/11/2023 година по отварање на поднесените пријави на записник, констатира дека од вкупно поднесените четири пријави, има само една уредна пријава за работното место под точка 1 од јавниот оглас и тоа од кандидатот Александар Николов со шифра ОС Неготино 02/2023-1.

Со избраниот кандидат веднаш да се склучи Договор за вработување на определено време, согласно одредбите од член 13 став 7, член 14 став 2 и член 15 од ЗРО, в.в член 18 став 6 од Законот за судска служба.

По потпишување на договорот за вработување, во рок од 5 дена да се достави известување до неуредните кандидати и на истите да им бидат вратени поднесените документи кон пријавата, во смисла на член 27 од ЗРО.

Основен суд Неготино, на ден 29.11.2023 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова